БИЛТЕН Бр.3

# 46.

# МАКЕДОНСКИ ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ "ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ" - ПРИЛЕП






ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ
(1875-1951)



10-16 ЈУНИ 2011

# 46-от МТФ "ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ" КУЛМИНИРА

*Ако е точно тврдењето на познавачите на театарската уметност, а точно е, дека ТЕАТАРОТ ја има привилегијата да ја чува уметноста на еден посебен начин, како еден своевиеден амлагам на интимност и објективност, зачинет со позицијата на оној што го конзумира, тогаш, ова, 46-то изадание на МТФ "Војдан Чернодрински", во оваа негова кулминативна фаза, само го потврдува тоа. Изминатите фестивалски денови, кои се рефлектираат во знакот на 60-годишнината од смртта на патронот, со значително набиена, но, квалитетна фестивалска програма, само не доведуваат чекор поблиску до сознанието дека македонскиот театар воопшто блика како исконска стерна, која трескавично се обидува да си го најде својот најадекватен тек до сопствениот "слив". Жанровската шареноликост на репертоарот, префинетоста од театарската публика, изостреното чувство за естетика, искуствената магија што успешно се пренесува на сцената со секое ново појавување на актерите, како само да ја докажуваат неприкосновената вистина дека Прилеп го заслужува Чернодрински, а Чернодрински, пак, само во Прилеп си е вистински ДОМА.*

*Ова издание на најпрестижниот македонски театарски бренд, како успешна симбиоза на класичното и модерното, на сензибилитетот и суптилноста, на естетиката и креативноста, доста експлицитно покажува дека Театарот во Македонија се движи по нагорна линија. А, критиките за малите повремени осцилации при приказот на театарските дејствија, се разбираат како своевиден сигнал за извесни корекции, без суетност.....И, тоа е добро....зашто само со таквото поимање на нештата, квалитетот станува неизбежност или резултат кој доаѓа сам по себе.*

*НАГРАДА ЗА ЖИВОТНО ДЕЛО БЛАГОЈА СПРКОСКИ - ЏУМЕРКО, актер*

# НЕМА ТЕАТАР БЕЗ "КЛАСИКА"



***Во НТ "Војдан Чернодрински во Прилеп работи од 1966 година до пензионирањето. Покрај на театарската сцена, настапувал со завиден успех во поголем број ТВ драми и серии, во радио драми и во играни филмови. Забележително е неговото актерско остварување во ТВ серијата "Солунски патрдии". Гостувал на сцените на речиси сите македонски театарски куќи.***
***Синоним е за актерска популарност и омиленост кај публиката.***

***Со Џумерко разговараме среде фестивалската атмосфера, додека се уште траеше возбудата од големото признание. Секако, муабетот прво се вртеше за култната "Солунски патрдии", за трагите што ги оставил ликот на Итар Пејо во неговата актерска кариера.***

**Со Трајче Ианоски изведовте фрагмент од, би рекле, најпознатата и најиграната претстава "Солунски Патрдии" …**

**Б.С:** Од многу причини "Солунски патрдии" веќе е историја. И тоа како вино, најубаво, стоено, лежано. Во Скопје претставата доживеа преку 270 изведби, кај нас ( во Прилеп) 100 што, во споредба на бројот на жители, нашата се доближува до скопската. "Солунски патрдии" излезе во време кога имаша вакуум за хумор, и тогаш, едноставно, " се погодија ѕвездите". Миле Попоски го напиша текстот, Коле (Ангеловски) го зеде и ја изигравме серијата која сега е историја, легенда.

**Публиката најмногу ве поистоветува со Итар Пејо. Го имаше ли тоа и кај вас, во текот на кариерата, да превладее, да ве обземе овој лик, без разлика која друга улога ја работите?**

**Б.С:** Не. Се, сеќавам кога се емитуваа првите епизоди од "Солунски патрдии" една новинарка ме праша: "Како го доловивте ликот на Итар Пејо?". Јас и одговорив: "Не го доловував Итар Пејо. Тој што го гледате е Џумерко. Така Џумерко зборува, така воопшто се однесува, така размислува". А тој лик мене ме "однесе" во Шведска, Австралија, Германија. Не постои Македонец каде и да е во светот што ја нема гледано "Солунски патрдии" барем еднаш.

**Ги имате и "сериозните", драмски ликови!**

**Б.С:** Прилепскиот театар не е голем театар, Ниту битолскиот. Па ниту скопскиот. Во ниту еден не се случило со години да се "гради" актер за еден лик. Да речеме за Хамлет. Во него да инвестираме, да му даваме помали улоги, да се подготвува за по десет



Останувајќи најчесто "мртов ладен", тој засмејува се околу себе секогаш подготвен за трансформација и менување на ракурсот, подтекстот, приодот и редовно успешниот пласман на зборот, гестот, погледот . . .

години да го игра Хамлет. Кај нас, практиката е , кога ќе дојде режисер, тоа што тој ќе определитака е. Не може да се одбие. Ова го говорам за периодот од пред 20- 30 години.

**Дали тоа е предност или хендикеп за актерот, да игра секакви улоги со кои ќе стекне искуство или пак пропуштил да се гради во еден правец?**

**Б.С:** Јас многу сакав да играм во драми, иако речиси секогаш ме сметаа за “смешен" актер. А јас сум драмски тип на актер. Кога го игрaв ликот на поштарот во “грев или шптицер”, сите мислеа дека мојот лик е комичен. Но не е така. Тој е страшно трагичен. Кога ќе ја изговорев репликата: ”На ти ги париве, ајде бегај одавде. Таа ти е сестра” ми доаѓаа солзи на очите. А кога ќе го добиеш тој набој, публиката не може да остане рамнодушна.Ако ме прашаш за најдраг лик, тоа за мене е Силјан штркот.

**Зошто?**

**Б.С:** Според мене “Силјан штркот” не е народна приказна. Тоа е авторски текст на Марко Цепенков. Можеби некој му кажал таква приказна, со таа содржина, но како ја запишал, тоа е “чиста класика”. Тоа е дело. Грандиозно. Кај нас претставата ја работеше Бранко Ставрев, одев на штули. Многу вежбав , така што со штулите игрaв оро на сцената. Сите чекаа кога ќе паднам. Но не паднав.

**Соработувавте со речиси сите театри. Сега, што носат новите трендови?**

**Б.С:** На соработката со театрите не смеам да се пожалам. Имав убави гостувања во Битола, во Штип, Велес, Струмица, во МНТ и сум работел со многу актери. Инсистирав на таа размена на актери меѓу театрите. На пример, ние немавме кој да го игра Хамлет, но затоа имаше во битолскиот театар. Имаше отпор на тој план, но се надмина тоа. Не може да се остане затворен, во лушпа, во рамките на еден театар. Така се случи и многу наши деца да заминат на Академија и кога се вратија го “зедоа театарот под свое”.

**И ќерката Марија е во тие млади потенцијали на театарот…**

**Б.С:** Веднаш ѝ реков: Немој многу да се ”занесуваш“. Ти заврши Академија, ама овде, кај мене, треба да “дипломираш“, да го стекнеш искуството. Занаетот не се учи на Академија. Од искуството треба да се научи сé за репликата. А репликата е како жена, треба да се гали. Ако си лош кон неа, ти се враќа назад. Марија има нагорна линија, но треба да стекнува искуство, да игра разновидни улоги. Може да го игра Чехов. Оти нема театар без “класиката”.

# Гледавме . . .



Албански театар - Скопје
**"Оркестар"** од Жан Ануи
Режија: Наташа Поплавска
Музика: Ценгиз Ибрахим
Кореографија: Олга Панго
Сценографија и Дизајн: Емил Петров
Дизајн на костими :Артмедиа
Играа: Бекир Нуредини, Емине Кадриу, Америс Нокшиќи - Јовановска, Фисник Зеќири, Аида Алдеми, Бесфорт Идризи, Блерим Дардишта, Мирланда Саити, Генци Мирзо, Вјолца Бектеши - Хамити, Зерије Јонузи и Висер Етеми

# Претставата . . .

**"Оркестар"** е претстава која ги обединува танцот, музиката, пеењето и драмата. Вистинско кабаре е, работено според текстот на Ануи кој говори за животот на шестмина музичари. Преку "Оркестар" се раскажува животот на екипата која работи едно кабаре, од актерите до техниката.

**Адем Карага,** директор на Албански театар Скопје:

- За нас е голеам чест како театар, кој лани прослави 60 години постоење, да учествуваме на Фестивалот. За наша среќа, селекторот ја избра претставата. Публиката има што да гледа особено од страна на Албанскиот театар. Тоа е модерна и визуелна претстава во која цело време актерите играат и пеат. Во целата постапка на пробите, научија да свират на разни инструменти, да играат, да се занимаваат со кореографија, покрај актерската игра. Ова е еден новитет за нашата установа, новитет и за фестивалот Војдан Чернодрински.

**Фисник Зеќири,** актер:

- Мојата улога во претставата е Емси, водачот на шоуто. Самата улога е предизвик за мене бидејќи за разлика од другите улоги тој е лик меѓу девојка и машко. Треба да бидеш некој универзален човек и затоа сметам дека сум успеал да направам поинаква улога од другите.

**Емине Кадриу,** актер:

- Ја играм Леона која е лик кој не може да одлучи што сака да биде или жена или машко. Има еден „сонг,, кој го пее и на крај таа одлучува да биде женско. Таа е девојка од кабарето и во еден монолог вели дека ова што го гледам не е љубов, тука таа знае каква е љубов.

# Публиката . . .

- Интересна претстава. Можев да ја гледам оти имаше симултан превод.
- Одлично што има симултан превод. Така имавме можност да ја разбереме приказната.
- Албанскиот театар се претстави добро. Само малку публика имаше.

# Гледавме . . .

Мал драмски театар Битола
**“Спиноза”** од Гоце Смилевски
Режија: Зоја Бузалковска
Сценографија: Зоја Бузалковска
Костимографија: Лира Грабул
Композитор: Оливер Јосифовски
Играа: Васил Зафирчев, Александар Степанулески, Дарја Ризова, Катина Иванова, Борче Начев, Петар Стојановски.



# Претставата . . .

Во претставата **“Спиноза”**, сложениот филозофски текст на Гоце Смилевски е преточен во гледлив театарски чин во кој еквивалент на театарските размисли на Спиноза се циркуските точки. Тоа е претстава која ја отсликува деликатната рамнотежа меѓу духовното и телесното, меѓу разумот и сетилата. Дилемата: “Зарем само разумот е покрстен, зарем страстите се безбожни?” се пренесува од сцената во гледалиштето. Софистицираните актерски креации ја прават претставата успешна, интелектуалниот театарски чин длабоко одекнува во размислите на секој од публиката и останува уште долго по претставата.

**Васил Зафирчев**, актер: Многу убаво се чувствував пред фестивалската публика и бев многу концентриран на улогата. Ја одиграв цврсто, стабилно. Публиката е одлична и ми се чини оваа е една од ретките публики која точно реагираше на трагичните и драмски моменти.

**Александар Степанулески,** актер: Со оглед на тоа дека сум млад актер, и со оглед на тоа дека улогата бара одреден стадиум на искуство за да можеш да ја одиграш како што треба, улогата ја доживеав многу добро, а публиката е тука да си го каже своето. Мислам дека е добар спојот зашто се бара од една страна животно искуство, а од друга, млада енергија.

**Дарја Ризова,** актер: Тешка улога, тежок текст, многу работевме. Но сето тоа се вклопи, одигравме како што треба, задоволни сме, игравме со уживање. Мене улогата на Клара Марија многу добро ми”легна”. Публиката одлично реагираше.

**Катина Иванова,** актер: Чест е да се игра овде, затоа што публиката дишеше заедно со нас. Тоа е посебно задоволство. Колку што е заслугата наша, толку е и на публиката. Се чувствувам почестено. Ова е филозофска претстава и допреа сите реплики до публиката.

**Борче Начев**, актер: Од технички аспект претставата прозвучи прецизно, промислено, точно и длабоко, а и актерски не беше помалку впечатливо. За тоа како одигравме публиката повеќе може да каже. Јас од себе си сум задоволен и само што коментиравме дека вечерва имавме една од подобрите изведби досега, ако не и најдобра изведба. Оваа е 13 изведба и ја затвораме сезоната.

# Публиката . . .

**Никола Стеваноски:** Мора да признаеме дека “Спиноза” сам по себе е тежок за разбирање... но, начинот на кој вечерва тој беше протолкуван од страна на извонредниот Васил Зафирчев, навистина ме импресионира...Впрочем и сите шестмина актери беа за секов респект... со еден збор-претставата- ми се допадна...!!!!

**Горан Димески:** Силни впечатоци имам од оваа претстава....Акробатските точки кои врвно беа изведени, синхронизираноста на глумците, па, дури и целата филозофија на човечкото постоење, прикажана на еден поинаков начин- ми дава за право да речам- ова беше едно од подобрите тетатарски остварувања што ги видов досега на Фестивалот...

**Наташа Спиркоска:** Претставата беше добра, но, многу малку разбрав. Можеби затоа што “темата” не ми е позната, не знам.

**Даниела Јованоска:** Најмногу ми се допадна нашиот Степануле (Александар Степанулески)... Мислам дека “животот” на целата претстава и го даде токму тој, иако, се разбира дека и другите не беа за потценување, особено Васил Зафирчев.

# Гледавме ...




НУЦК "Трајко Прокопиев" Театар Куманово
**"Силвија"** од Алберт Р. Гурнеј
Режија: Драгана Милошевски - Попова
Драматург: Катерина Момева
Сценограф: Бојан Маневски
Костимограф: Мери Георгиевска - Јованоска, Бојан Маневски
Кореограф: Васил Зафирчев
Превод: Катерина Момева
Играа: Ивица Димитијевиќ, Кети Дончевска - Илиќ, Јасмина Василева, Горан Илиќ.

# Претставата ...

**"Силвија"** е камерна претстава, првпат поставена на македонската театарска сцена. Се работи за драма во која се зборува за куче и за брачна двојка, преку која се пренесуваат внатрешните конфликти на ликовите. Се потенцира кризата на средните години и смислата за нашето постоење. Преку ликот на кучето Силвија се поставуваат есенцијалните прашања - индивидуата и општеството, нашите стремежи и можности, љубовта, пријателството и семејството.

**Јасмина Василева,** актер:

Го играм ликот на Силвија,што е едно многу слатко куче, кое е мешавина на раси, т.е олицетворение на слободниот дух. Не станува збор само за улично куче, туку парафразирано за млада жена и за еден љубовен триаголник. Преку кучето и средовечната двојка ги гледаме сите проблеми кои може да и се случат на брачната двојка.

**Горан Илиќ,** актер:

Го играм ликот на Грек во претставата. Тоа е лик на мои години и кој ги завршил сите дисциплини кои треба да се завршат. Децата се вдомени, заминати од дома. Грег е пред пензија. Некако коинцидира со мене, кога големите амбиции спласнуваат, тој се враќа на инстиктивните пориви во животот, надвор од работата и додворувањето. Кога одмора во парк случајно наоѓа куче уличар, се зближува со него и одеднаш целиот негов живот добива нова димензија. Станува грижлив, дружељубив и ги враќа вистинските вредности. На Фестивалот немам увид што се случува. Дојдов и веднаш си одам. Порано, кога бев помлад со радост доаѓав тука, имаше дружење, се запознававме со колегите. Сега најверојатно се се должи на годините. Поинаку е. Мислам дека треба да има повеќе дружење, трибини, разговори на Фестивалот.

# Публиката ...

- Темата во претставата е блиска, сакам да ги гледам актерите на кумановскиот театар на сцена и разбирливи ми беа односите, што ги градеа ликовите зашто се од секојдневието. Уживав во претставата.
- И во оваа претстава се пронаоѓаме себеси, сите односи во семејството, посебно кога е бракот со подолг стаж. Убаво ми беше да гледам на сцена игра на кумановските актери и им честитам на изведбите.

# Г л е д а в м е . . .



Македонски народен театар Скопје
**“Бесови”** од Достоевски
Режија: Златко Славенски
Сценографија: Владо Георгиевски
Костимографија: Елена Дончева
Играа: Ѓорѓи Јолевски, Владо Јовановски, Емил Рубен, Катина Иванова, Борче Начев, Владимир Ендровски- Љац, Драгана Костадиновска, Арна Шијак, Сашка Димитровска, Славиша Каевски, Александар Ѓуровски, Мирослав Петковиќ, Ненад Митевски, Александар Микиќ.

# П р е т с т а в а т а . . .

Во **“Нечисти сили / Бесови”**, Достоевски постепено ги вклучува ликовите за пстепено да дојде до експлозијата иако во претставата, а сценските ефекти тоа го засилуваат. Така и режисерот Славенски во “Бесови” не запознава и не вклучува во “бесовите” во “нечистите сили” кои предизвикуваат крешчендо. И на сцената беше видлива основата во делата на Достоевски- “совеста на руското општество”, зашто мора да има смена на вредностите. Демоните, бесовите, ги разбиваат стегите, во улога се да ги разбијат дотогашните општествени стеги. Злосторства има но и директен и индиректен извршител и секој од различни побуди. Најголема казна, себепресудување има токму индиректниот извршител чии побуди се можеби љубовта, страста и уште нешто. Секогаш е предизвик Достоевски да се постави на сцената, а овој пат го имавме во четиричасовно издание.

**Ѓорѓи Јолевски,** актер: Достоевски е еден од најголемите автори во историјата на нашава цивилизација и е мој омилен автор. Неговите дела по неколкупати ги читам. Тоа значи дека долго време имам поминато со неговите мисли, сомнежи. Така ликот на Николај Ставрогин некако сам од себе си се градеше. Едноставно се препуштив на убавината на зборовите, се препуштив на прекрасната драматизација што ја направи Албер Ками, на фантастичната концепција на Златко Славенски и на најубавата екипа со која сум работел досега. Со неверојатна енергија, посветеност и љубов ја направивме претставата. Четири часа трае, а нам ни се чини како миг. Публиката во Прилеп, како и секогаш, многу концентрирано ја гледаше, со посветеност и голема почит кон нас. И ние имавме почит кон неа затоа што дадовме дело, вредно не само за Македонскиот национален театар, туку и за македонскиот театар воопшто.

**Сашка Димитровска,** актер: Јас немав дојдено три години на Фестивалот и сега се чувствувам прекрасно. Имавме прекрасна публика што во Скопје не е случај и дај боже, да има секогаш ваква публика. Предизвикот беше голем. Во прашање е тренинг. Пред десет години го играв истиот текст, но ликот на Лиза, а сега Даша. Различно е, различен е пристапот. Како експеримент е.

**Катина Ивановска,** актер: Па, пак би можеле да ја играме претставата. Кога ќе ве наградат со таков аплауз, а претставата е тешка, со ваква прекрасна публика, тоа значи дека енергијата ни е вратена сто насто, па би можеле пак да ја одиграме. Соработката со Славенски мислам е една од најпријатните и за релативно кратко време можам да речам дека се направени три претстави во една. А да не говорам за тежината што ја носи Достоевски како автор. Голема почит кон целата екипа и техничка и актерска.

# П у б л и к а т а . . .

**Славица Темелкоска:** Јас сум “зависничка” од театарот, сум гледала многу претстави, но ова што вечерва го гледав, ги надмина сите мои очекувања, се разбира во позитивна конотација. Иако, претставата траеше неверојатни 4 часа, подобро нешто, немам видено. Браво, браво, само тоа можам да го кажам...

**Зоран Јованоски:** Комплетна претстава во секоја смисла на зборот, од текст, од сценографија, од актерска игра, од музика до режија. Цели четири часа, истата енергија, истото темпо. Ѓорѓи Јолевски уште еднаш покажа дека е вонсериски талент, ги надминува сите можни очекувања во театарот.

**Мирјана Котеска:** Кога разбрав колку ќе трае претставта, бев во дилема дали воопшто да влезам да ја гледам. Бев сигурна дека нема да издржам до крај, но се случи сосема спротивното, не само што ја изгледав до крај, туку и уживав во тоа, така што и не забележв дека толку долго трае.

**Тони Дамјаноски:** Не беше лоша претставата, но, за моето трпение предолго траеше, а за мој вкус - имаше и “преслободни” сцени. Јас сакам “постегнати” претстави со пристојно времетраење.

# Г л е д а в м е . . .



Културен центар "Скрб и утеха- Тиха"
Тихомир Стојановски
**" ЏАМАЛАРИ - ДИОНИС"**
Режија: Страшко Милошевски

**"Џамалари - Дионис"**, како своевидна компилација на најдобрите фрагменти од претставите кои во изминатиот период ги сработил Културниот центар "Скрб и утеха- Тиха", всушност, претставува историски час, односно поттикнување на некои прашања од нашата пребогата македонска историја кои и во моментов се актуелни и треба да се поставаат, но и да се одговорат, без притоа тие да бидат табу-тема, а се однесуваат на нашата писменост, бит, јазик, идентитет. "Џамаларите" како патувачки актери, во овој случај Тихомир Стојановски и Страшко Милошевски, трансформирајќи се низ повеќе ликови од времето на Александар Македонски до Војдан Чернодрински и успешно загатнуваат многу важни историски моменти.

**Тихомир Стојановски:** - Црквата "Св. Никола" во Вароше еден од оние простори кои не враќаат на вистинските почетоци на театарот, затоа, ние, нашите постановки ги изведуваме, четири години по ред, токму овде. Во античка Македонија црквата и театарот биле една институција и ние токму во овој амбиент мислам дека ја допираме онаа духовна боженственост што можеби му недостасува на современиот европски и македонски театар.

**Страшко Милошевски:** - Мислам дека изведовме добра претстава, која е блиска до публиката и има одлична комуникација преку пораката што ја испраќаме.

---

ФДУ - Скопје
**"Дон Жуан се враќа од Војна"** - Еден Фон Хорват
Дипломска претстава по актерски игри, класата ја водат професорите Владо Цветановски и Мими Таневска
Играа: Катерина Аневска, Атанас Атанасовски, Слаѓана Вујошевиќ, Ана Кафкалевска, Кристина Ласовска, Ненад Митевски, Мирослав Петковиќ, Наташа Петровиќ, Кристијан Светиев, Марија Стефановска, Тина Трпковска и Катерина Чакмакоска

---

ФДУ - Скопје
**"Долго патување во ноќта"** од Јуџин О'Нил
Дипломска претстава по актерски игри, класата ја води професор Ељеса Касо
Играа: Бурханедин Ибрахим, Билјана Јовановска, Бехреда Решиди, Џихад Решиди и Танер Силејман

# Промоцијата на наградените текстови на МНТ



- **МНТ** со воведениот конкурс за избор на драмски текст придонесе за стумулирање на поривите и дарбите на нашите драмски автори. Впрочем и МНТ кога бил формиран било речено дека ќе го стимулира македонското драмско творештво. Радосен сум што преку конкурс го направија тоа. Творештвото треба да го негуваме како аманет, како доблест - рече меѓу другото **Петар Темелковски**, отворајќи ја промоцијата на трите наградени драмски текстови на конкурсот на МНТ. Тоа се: првонаградениот **"Изгубени Германци"** од Дејан Дуковски, **"Чад"** од Сашо Кокаланов и **"Безљубени"** од Благица Секуловска.

Според **Дејан Пројковски**, уметнички директор на МНТ**,** без национална драма нема национален театар.

- Конкурсот ќе се одржува на две години. Годинава имавме голем интерес. Пристигнаа 41 текст од драмски автори од сите генерации. Воведуваме и јавно читање на драмски текстови. Тоа е она што недостасуваше во земјата. Идната недела текстовите ќе бидат објавени на македонски јазик, а во септември и на англиски и ќе бидат промовирани на неколку меѓународни фестивали. Идејата според нас е добра и е мотив македонските драмски автори повеќе да пишуваат рече Пројковски.



Текстовите ги промовираше драматургот **Братислав Димитров** кој рече дека биле автентична авторска дарба, посебно задржувајќи се на текстот **"Чад"** од Сашо Кокаланов.

Според него новиот драмски текст на Кокаланов, донесува големо освежување во македонската драматургија, од занаетчиски но и од креативен аспект.

- Драмскиот текст **"Чад"** како ретко кој, успева на вешт и убедлив начин, ако не да ја прекине, тогаш барем да ја сведе на вистинска мера непотребната и наметнатата кавга помеѓу "сериозната" и "забавната"

литература. Авторот го користи богатото искуство на крими-приказната и постмодернизмот, но тоа го прави на свој личен и оргиналем начин. **"Чад"** е еден од ретките драмски текстови што е напишан консеквентно и конзистентно. Ги почитува проблемите и особеностите на идивидуата, но и стилскиот плурализам кој е монтажа на детали (и целини) од различни периоди. На суптилен начин ги користи и хибридните жанрови кои во себе го содржат искуството на забава и провокација. Тука спаѓаат филмови, стрипови, рокенрол и поп музика. Драмскиот материјал на **"Чад"** е сценичен и еластичен, погоден за различни креативни видувања. Самата драматуршка структура иако е цврста во својата монтажа, дава доволно слободен простор и за стилско-жанровска играрија, која во ниту еден миг нема да ја покрие или минимализира сериозноста на темата, а таа овој пат е синдромот на уништување и самоуништување на една нација - посочи Димитров.



**Сашо Кокаланов,** автор на текстот **"Чад"**

- Од името на другите автори сакам да кажам дека идејата на МНТ за конкурс за драмски тексови е одлична. Со овој прв конкурс е испратена силна порака до авторите дека нивните трудови се суштински дел од севкупната македонската театарска приказна. Многу ми е мило што првиот конкурс предизвика голем интерес и првиот победник е Дејан Дуковски, автор со кој почнува новата епоха во македонската драматургија. Меѓу наградените е млад драматург што е поттик и за другите и за мене како натрапник во целата приказна. Овој конкурс ќе биде поттик за авторите кои имаат приказна кои имаат што да раскажат. Зборот е слобода, конкурсот е отворен. Овој репер што е поставен мислам дека со секој следен ќе биде надминуван. На МНТ тоа ќе му донесе одлична продукција, да има домашни претстави. Текстот заедно со другите ќе биде наскоро објавен. Мислам дека жирито направило добар избор со различните тематики. Трите текста, се надевам, ќе бидат поставени на сцената. Тоа е крајната поента на секој драмски текст. Домашното драмско творештво има публика во Македонија. Режисерите сакаат да работат домашни текстови. Затоа јавно му се заблагодарувам на МНТ - рече Кокаланов.

# БИТОВАТА ДРАМА И ПОСТАВУВАЊЕТО НА СЦЕНА

БРАТИСЛАВ ДИМИТРОВ, драмски автор

## ЧЕРНОДРИНСКИ ДЕНЕС, ИЛИ РЕЖИСТЕРСКО ВИДУВАЊЕ НА БИТОВАТА ДРАМА



Секогаш има предизвик да се постави битовата драма на сцена. Фолклорот (тоа е битовата драма) го издржал судот на времето најправичен, највистинит. Јас сум и "за" и "против" за секое испитување и поинакво, посовремено поставување на битовата драма на сцена. "За" сум кога експериментот е успешен, фолклорот е креативно толкуван, а кога е неуспешен експериментот и тогаш, целосно не сум "против", зашто експериментот по дефиниција подразбира слобода на изразот.

За мене и најидеалниот текст е само повод за претстава. Претставата ја сочинуваат сите елементи и секоја драма е добра кога е добра на сцената. Затоа немам дилеми околу тоа како се поставува битовата драма, ако тоа е добро направено. И Шекспир е фолклор во Англија, само што ги премостил вековите и станал актуелен и познат во целиот свет. Фолклорот е сумирање на сите аспекти на културата на еден народ. Тоа е некоја собрана колективна потсвест, традиција. Сето тоа треба да биде убав повод за да се изрази духот на времето. Кога кореспондира со моментот сега и овде, тогаш сметам дека изведбата е успешна.

Во принцип, кога се работи класичен текст, во случајов фолклорна драма, технолошката постапка на работа е така што текстот треба да се разглоби на сите составни делови и при повторното склопување, тоа да се направи на креативен начин. Треба да звучи како да е праизведба. Тогаш е успешно поставувањето на сцена.

ЉУПЧО ЃОРЃИЕВСКИ, режисер

## ЧЕРНОДРИНСКИ ДЕНЕС, ИЛИ ОСЛОБОДУВАЊЕ НА БИТОВАТА ДРАМА ОД БИТОВИОТ ТЕАТАР



Без домашна драма нема домашен театар, тоа е јасно. Тоа е наше наследство. Најраната драматургија е битовата драма. Таков предзнак таа драма има затоа што растеше паралелно со еден таканаречен битов театар. Фактички, битовата драма и битовиот театар беа вплотени еден со друг. Се разбира, по извесно време се доби впечаток дека таа драма е веќе неупотреблива, дека веќе е стара и нема што да каже за денешницата… Но, навраќањето на таа драма покажа дека тоа не е точно. Она што беше мој предизвик, она што јас го направив со тој тип на драма беше, фактички, да ја ослободам битовата драма од битовиот театар. Кога тоа се случи, битовата драма повторно прозвучи свежо, повторно прозвучи современо, бидејќи битовата драма опфаќа некакви општи места во развојот на нашата култура, во развојот на нашиот менталитет, во развојот на нашата колективна меморија. Значи, битовата драма може да биде поставена на поинаков, современ начин, без да ги загуби своите вредности. Се поставува и се надевам дека и во иднина ќе се поставува и ќе биде инспирација и предизвик и за помладите режисери и театарски дејци. Претставата "Парите се отепувачка" со битолскиот театар ја поставив во 2002 година, и кога ќе најдам предизвик пак ќе режирам битова драма.

# А Т М О С Ф Е Р А . . .



Ванде: Не е важна височината за големината на актерскиот талент.
Ванде се измери со Игор Ангелов.

Убавата половина на Штипскиот ансамбал.





Градоначалникот Марјан и "градоначалничката" Фанче го сакаат театарот. И како домаќини на градот мора да ги има на Фестивалот. Велат уживаат во тоа.

Фестивалската публика ја фалат сите и со право. Гледајте само колку концентрирано го проучува репертоарот.





## *Рокерот и сликарот Чатле*

Директорот на Центарот за култура "Марко Цепенков" Тони Чатлески е уметничка душа. Покрај четките, боите и пренесувањето на сопствените имагинации на платното, душата му е рокерска. При секоја добра свирка на некој рок состав, добива инспирација, му се крева адреналинот и рипнува од столица да го зема микрофонот в раце и да запее некој рок хит. Располага со бујна не само сликарска, туку и мизичка дарба. Затоа интерпретациите предизвикуваат еуфорија кај публиката.

И за овој Фестивал, не отстапи од традицијата. Во "офф" програмата, ја "запали" публиката со изведба на неколку рок евергрини. Чатлески е мераклија на старата забавна музика на македонските интерпретатори. Ужива да ја отпее "Чија си" од Славе Димитров.

Режисерот на "Бесови" на МНТ, Златко Славенски синоќа не беше на изведбата на претставата. Не дека не можеше да издржи четири часа, тамам работа, туку беше оправдано отсутен. Дознаваме, "скокнал" до Скопје да си го донесе новиот член на семејството дома. Имено пред некој ден му се родил син (машала) па време било да им посака добредојде на синот и сопругата.

На семејството Славенски им посакуваме најискрени желби за добро здравје, синот да расте голем и можеби да го следи таткаси и да биде успешен како него. А и повеќе.

Одлична режија на Славенски!



Андон Јованоски и Митко Апостоловски со лауреатот Коле. Насмевките од уво до уво претпоставуваме се за и нив да ги фати "мајата" и еден ден да бидат лауреати. Очекуваме да биде и така, а во меѓувреме нека се договорат за некоја улога.

#ЌЕ ГЛЕДАТЕ . . .

СРЕДА, 15 јуни

12.00 часот - Сцена 105
Промоција на трите драмски текстови од конкурсот на МНТ

19.30 часот - НТ "Војдан Чернодрински"
Драмски театар - Скопје
**"Геноцид 21"** од Љубиша Георгиевски
режија Владлен Александров

22.00 часот- ЦК"Марко Цепенков"
Театар Струмица
**"Вистинскиот Минхаузен"** од Г. Горин
режија Ненад Витанов

24.00 часот - НТ "Војдан Чернодрински"
Австралиско макеоднски театар од Сиднеј
**"МР Балкан"** од Нанцу и Д.Ристески
режија Стефо Нанцу

24.00 часот - ЦК "Марко Цепенков"
ЕСРА Скопје
**"Оркестар Титаник"** од Христо Бојчев
дипломска претстава по актерска игра во класата на
м-р Роберт Вељановски

ЧЕТВРТОК, 16 јуни

20.00 часот - ЦК "Марко Цепенков"
Свечено затворање на Фестивалот
**"Ромео и Џулиета"** од Виљан Шекспир
режија Лилиа Абаџиева

## ОГЛЕДАЛО НА ФЕСТИВАЛОТ

46. МАКЕДОНСКИ ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ
„ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ” – ПРИЛЕП

**Покровители:**
***Министерство за култура на Република Македонија***
***Собрание на Општина Прилеп***

**Собрание на МТФ:**
Сенко Велинов - Македонски народен театар - Скопје
Јордан Витанов - Театар Велес
Бранко Ѓорчев - Драмски театар - Скопје
Адем Карага - Албански театар - Скопје
Трајче Кацаров - Театар Штип
Атила Клинче - Турски театар - Скопје
Драган Маџиров - Театар Струмица
Петар Мирчевски - Народен театар - Битола
Роберт Павлески - Театар Куманово
Кирил Ристоски - Факултет за драмски уметности - Скопје
Валентин Светозарев - Народен театар - Битола
Артан Скендери - Тетовски театар - Тетово
Тони Чатлески - Театар Прилеп

**Извршен одбор на МТФ:**
Сенко Велинов - Претседател
Бранко Ѓорчев - Член
Адем Карага - Член
Јордан Витанов - Член
Валентин Светозарев - Член

**Уметнички директор:**
Петар Темелковски

**Жири комисија:**
Веби Керими
Лилјана Мазова
Петар Мирчески

**Секретар на МТФ:**
Стојан Дамчески

**Технички секретар:**
Љупчо Тодоровски

Билтен на 46. МТФ
“ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ” - Прилеп
**За издавачот:** Петар Темелкоски
**Уредници на Билтенот:** Елизабета Митреска, Каролина Мицевска, Светлана Ристеска, Каролина Дурло и Љупчо Мургоски
**Фотографии:** Елизабета Митреска, Светлана Ристеска и Каролина Мицевска.
Печати: “ТИРЕКС” - Прилеп
Македонски театарски фестивал
**“ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ” - ПРИЛЕП**
НУ Центар за култура “Марко Цепенков”
7500 Прилеп
тел.: 048/401-630 или 425-520
факс: 048/401-631
E-mail: mtf_vc@yahoo.com, info@mtf.com.mk
www.mtf.com.mk